Врз основа на член 16 став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), Основачкото собрание на Здружение за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите ЕКВАЛИТИКО Скопје на седницата одржана на 17.08.2023 год, донесе

# П Р О Г Р А М А

за дејствување на Здружение за еднакви можности, поддршка, и унапредување на статусот на жените и младите ЕКВАЛИТИКО Скопје за 2023-2024 година

**Визија на** здружението е постигнување на еднакво и инклузивно општество и општа благосостојба на сите граѓани преку креирање на родово одговорни и праведни социјални политики на локално и национало ниво.

**Мисијата на здружението** е активна работа за промовирање и постигнување на еднакви можности на сите граѓани во сите сегменти на општествениот, економскиот и јавниот живот, развој на мултикултурно општество, толеранција и недискриминација.

**Стратешки Цели на здружението**

1. Промовирање на еднаквите можности, родовата еднаквост, недискриминација и толеранција
2. Надминување на стеротипите и искоренување на предрасудите во сите области и врз сите основи
3. Делување во насока на економска и социјална правда за сите граѓани пред се за маргинализираните групи граѓани
4. Помош и поддршка на жени и девојки жртви на семејно и родово базирано насилство и отстранување на сите облици на насилство врз сите граѓани согласно меѓународните и националните документи
5. Економско јакнење на жените и младите
6. Промовирање на мирни општества преку вклучување на жените, девојки и младите во промовирање на безбедност, сигурност и инклузивен и одржлив мир
7. Лобирање и застапување за креирање на родово одговорни и праведни економско –социјални политики за сите граѓани
8. Поттикнување на младинскиот активизам и креирање на младински политики
9. Промовирање и заштита на човековите права на интернет преку зајакнување на капацитетите на граѓаните за следење на процесите на дигитализација
10. Јакнење на капацитетот на своите членови и зголемување на базата на волонтери и членови

11. Вмрежување со други граѓански организации на локално, национално и меѓународно ниво

**Начин на остварување на цели преку активности**

Здружението своите цели ќе ги остварува преку :

1. Подготовка и спроведување на проекти и проектни активности;
2. Организирање на дебати, конференции, семинари, обуки, обуки за обучувачи, летни и зимски школи, кампањи;
3. Подготовка на анализи, извештаи , студии соодветно на програмските цели и области;
4. Јакнење на капацитетите на сопствена структура и членство и зголемување на базата на волонтери;
5. Вмрежување и соработка со други граѓански организации на локално, национално и меѓународно ниво;
6. Градење на добри односи со граѓански организации од земјата и странство кои работат на иста или слична тематика;
7. Иницирање на активности за јавно застапување и лобирање по однос на законски иницијативи и амандмани соодветно на приоритетните програмски области на Здружението;
8. Реализирање на студиски посети во земјата и странство

Здружението ќе дејствува/работи на национално, регионално и на меѓународно ниво.

Стратешките цели во текот на 2023 година ќе се остварат преку следните програмски области предвидени за работа на Здружението.

**Програмски области**

Програма за Промовирање на еднаквите можности, родовата еднаквост и рамноправност, недискриминација, толеранција и борба против семејното и родово базирано насилство

Програма за економско јакнење на жени и млади преку промовирање на самовработување, претприемништво и социјално претприемништво како и поголема вклученост и застапеност на жените и девојките во областа на науката, ИТ технологијата

Младинска програма преку инклузија на младите, поттикнување и создавање на младинска политика како и борба против девијантното однесување кај младите

Програма за жени, мир и безбедност со цел обезбедување на одржлив и инклузивен мир и поголемо вклучување на жените во безбедносниот сектор и одбраната

Програма за институционален развој и јакнење на капацитетите на членовите

Лобирање и застапување за креирање на родово одговорни и праведни економско – социјални политики за сите граѓани

**Програма за Промовирање на еднаквите можности, родова еднаквост и рамноправност, недискриминација, толеранција и борба против семејното и родово базирано насилство**

Фокусот во оваа програмска област ќе биде ставен на постигнување на еднакви можности, родова еднаквост на младите жени и девојки во сите области од општествениот, јавниот и економскиот живот. Целта е постигнување на суштинска родова еднаквост помеѓу жените и мажите преку предвидени едукации на млади девојки и момчиња , преку запознавање со принципите на недискриминација и основните човекови права како и преку борбата против родово базираното насилство и подигнување на степенот на знаење и информираност за меѓународните и националните документи, стратегии и законска регулатива по однос на прашањето за еднаквите можности, недискриминацијата и човековите права.

Активности што се предвидени да се реализираат во оваа програмска област ќе бидат насочени и кон едукација на младите за нивните права, економска и политичка еманципација, почитување и практикување на демократијата. Активности кои ќе се преземаат се организирање на обуки, тренинзи, едукации, тркалезни маси, анализи и истражувања.

**Програма за економско јакнење на жени и млади преку промовирање на самовработување, претприемништво и социјално претприемништво како и поголема вклученост и застапеност на жените и девојките во областа на науката, ИТ технологијата**

Акцентот ке биде ставен на стимулирање и мотивирање на младите девојки и жени да одберат професии кои традиционално се сметаат за машки професии со цел да се зголеми бројот на жените и девојките во овие области и да се намали јазот во бројот на запишани и завршени студенти -жени и мажи во науката, техничките области.

Целта е преку преземање на едукативни активност, преку трансфер на искуства од страна на познати жени од овие области да се намали родовата сегрегација при изборот на училиштата и факултети како и понатаму при зборот на професиите. Да се надминат стереотипите во и при изборот на професии.

Стимулирање и промовирање на мерки за самовработување и претприемништво како и социјално претприемништво. Фокусот ќе биде ставен на подобрување на економската и социјалната положба на жените и младите луѓе како и на маргинализираните групи на граѓани. Намалување на невработеноста, зголемена социјална инклузија на различни маргинализирани групи граѓани, зајакнување на капацитетите на жените и девојките на пазарот на трудот, развој на претприемништво и самовработување. Развој на економија на грижа и феминистичка економија како концепт.

Активности кои ќе се преземаат во оваа програмска областа се :

-истражувања и анализи, јавни трибини и дебати, кампањи,работилници во училишта со цел разбивање на стереотипите и предрасудите за професионалната определба и понатамошното високо образование и др. Одржување на обуки и тренинзи за јакнење на капацитетите на жените и девојките за самовработување и претприемништво, Обуки и тренинизи за социјална инклузија на маргинализирани групи граѓани. Трибини и јавни дебати за економија на грижа и феминистичка економија.

**Програма за жени, мир и безбедност со цел обезбедување на одржлив и инклузивен мир и поголемо вклучување на жените во безбедносниот сектор и одбраната**

Целта е изградба на мирот во заедницата, промоција на култура на мир , ненасилство, толеранција. Промовирање на демократски вредности, мултикултурализам, човекови права, имплементација на резолуцииите 1325 и 2250 како и останати резолуции (1888, 1889) поврзани со мировни активности. Активности во рамки на оваа програма: јавни расправи и дебати со цел иницирање и поддршка на мировни иницијативи и активности во заедниците, обуки со цел градење на капацитетите на локалните чинители, обуки и работилници во основни и средни училишта со цел подигнување на јавната свест за интеракција на различностите, развој на мултикултурните вредности, обуки за резолуциите 1325 и 2250 и останати придружни резолуции.

**Младинска програма преку инклузија на младите, поттикнување и создавање на младинска политика како и борба против девијантното однесување кај младите**

Целта на програмскиот дел е мотивирање на граѓанскиот активизам на младите, давање на младински придонес во развој и креирање на локални и национални младински политики.

Активности : инклузија на млади преку разни форми на неформално образование, обуки и работилници за јакнење на капацитетите на младите луѓе во вклучување во креирање на младинските политики на локално ниво, зголемена информираност на младите за проблеми и прашања со кои се соочуваат, работа со млади од рурални средини, социјални случаи, маргинализирани групи на млади и млади со девијантно однесување, учество на млади во екологија, кампањи за подигање на јавна свест за здрава животна средина и здрава храна, учество на млади во заштита на екосистеми, промоција

**Програма за институционален развој и јакнење на капацитетите на членовите**

**Цел на програмски дел-**ефективно, ефикасно и одржливо здружение

Подобрена транспарентност и отчетност на здружението во работата, креирање на ефикасни интерни механизми за транспареност и отчетност, зајакнување на организациските, институционалните и техничките капацитети на здружението и членовите на здружението преку обуки и едукации.

Претседател

Даниела Антоновска